Ревизијата на успешност е спроведена со цел објективно презентирање на состојбите со постојната организациска поставеност и расположливите ресурси (човечки, финансиски, технички) кај државните инспекторати во Република Македонија во функција на обезбедување на ефикасни инспекциски надзори. Државниот завод за ревизија во изминатите години вршел ревизија на државните инспекторати како дел од финансиските ревизии на министерствата каде државните инспекторати се организирани како органи во состав и како дел од ревизиите на успешност од одредена област за кои се издадени соодветни извештаи.

Имајќи ја предвид актуелноста на инспекцискиот надзор, со цел доследна примена на законските прописи и подзаконските акти од страна на: државните органи, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, јавните претпријатија, трговските друштва, установите и правните и физичките лица над кои се врши надзор, како и изрекување на инспекциски мерки и санкции, ДЗР во Годишната програма за работа за 2012 година ја вклучи ревизијата на успешност на тема "Ефикасност на државните инспекторати на Република Македонија" и ја реализира согласно член 22 став 1 од Законот за државата ревизија.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде препораки за подобрување на: организациската поставеност на државните инспекторати, начинот на планирање и спроведување на инспекциските надзори, несоодветната кадровска структура, да укаже на потребата од континуирана обука на инспекторите, како и согледување на можностите за поголем степен на самостојност во финансирањето, а со цел обезбедување на поголема ефикасност при вршење на инспекциските надзори.

Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања. Од оваа фаза произлегоа повеќе подрачја кои покажаа ризици како основ за вршење на ревизијата на успешност групирани во следните области:

- Организациски и системски слабости кои влијаат врз ефикасноста на планирањето и вршењето на инспекциските надзори, евиденцијата на инспекциските постапки и ефектот од изречените инспекциски мерки ;
- Кадровската екипираност и структурата на кадарот во инспекторатите и потребата од континуирана обука ;
- Финансирање на работењето на државните инспекторати - планирање на потребни средства за работа, располагање со средствата наменети за инспекторатите како и потреба од соодветна опрема за вршење на надзорот.

**Очекувани ефекти (резултати) од ревизијата**

Резултатите од ревизијата на успешност се презентирани во овој извештај на ДЗР. Со извештајот надлежните институции ќе ги согледаат можностите за подобрување на работењето на државните инспекторати како форма на инспекциски служби со препораки за нивната организациска поставеност, кадровската структура и специјализирани обуки во областа на инспекцискиот надзор, начинот на нивното финансирање како и потребата за поголема самостојност во нивното работење.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 од овој извештај.